ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА ЕКОЛОГИЈА И
ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 -1367/1
Датум: 13.02.2026
Скопје

Врз основа на Член 22, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/2024), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2026 година, глава II Проектни активности ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.23/2025), Општина Карпош објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за ангажирање на Здружение за заштита на животни за стерилизација и кастрација на мачки и мачори

**Опис на активноста**

Главната цел на активноста е ублажување на проблемот со големиот број на бездомни мачки, односно нивна контрола и здравствена заштита.

Благосостојбата на бездомните животни е загрозена поради повеќе проблеми, како што се неухранетоста, болестите, повредите од сообраќајните несреќи и преку борба, а исто така животните се жртви на нехумани методи на убивање, како што е труењето со отров, електричен шок и давење и сурови методи на фаќање.

По безбедното фаќање и транспортирање на бездомните мачки, за нивниот третман постојат две понатамошни сценарија кои зависат од тоа во каква состојба е животното. Доколку мачката е премногу стара, агресивна или беспомошна истата се заспива, додека останатите се подложуваат на кастрирање, маркирање, прочистување од црви и нивна вакцинација пред да се пуштат.

**Стратешки насоки и цели**

- Заштита на граѓаните од зоонози, кои ги пренесуваат мачките скитници;
- Намалување на агресијата од мачки во сезона на парење;
- Заштита на бездомните мачки, редуцирање на нивниот број и нивно трајно вдомување,
- Воспоставување на волонтерска служба за редовно собирање на бездомните мачки.

**Очекувани резултати**

Третман на околу 250 бездомни мачки и значително намалување на нивниот број во временски рок од 5 до 6 години.

**Рок на реализација**

Рокот предвиден за реализација на активноста е околу 1 година, по добивање на налог за отпочнување со работа, односно до крајот на 2026 година.

**Предвидени средства**

Оваа активност ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Карпош, Секторот за екологија и енергетска ефикасност, во висина до 500.000 денари, согласно со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2026 година. Активноста ќе трае до исцрпување на средствата.

**Основни критериуми**

Основни критериуми што треба да ги исполнуваат Здруженијата кои ќе учествуваат на овој повик се:

- Да се основани во Република Северна Македонија најмалку 12 месеци пред официјалниот датум на отворање на повикот за апликации[1].
- Да се регистрирани според Законот за Здруженија на граѓани и фондации.
- Да се регистрирани за заштита на животни.
- Да имаат склучено договор за работа со најмалку 2 ветеринарни амбуланти лоцирани на територијата на Општина Карпош.
- Да имаат референтна листа на претходни активности и соработка со правен субјект за истата проблематика.

**<u>Потребна документација што Здруженијата треба да ја достават</u>**

Здруженијата кои сакаат да учествуваат на јавниот оглас треба да ја доставаат следната придружна документација:

1. Тековна состојба од Централен регистар на Р. Северна Македонија не постара од 6 (шест) месеци;
2. Статут или основачки акт (последна верзија);
3. Договор за работа со најмалку 2 ветеринарни амбуланти лоцирани на територијата на Општина Карпош;
4. Доказ дека ветеринарните амбуланти се лоцирани и работат на територија на Општина Карпош;
5. Предлог за финансиска поддршка во соодветен формат;
6. Да доставаат референтна листа на претходни активности и соработка со правен субјект за истата проблематика.

[1] Граѓанска организација е секоја асоцијација, фондација, унија, како и секоја организациска форма на странска организација, или која било друга форма на здружување, регистрирана во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

**Напомена: Пријавите со непотполна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.**

**Рок и начин на доставување на пријавите**

Рокот за поднесување на пријавите е 7 (седум) дена од денот на објавување на јавниот повик.

Пријавата со целокупната документација да се достави до:

Архивата на Општина Карпош
Сектор за екологија и енергетска ефикасност
ул. „Никола Русински“ бр. 11
07:30 до 15:30 часот

Учесниците на јавниот повик, ќе бидат известени за резултатите по објавувањето на одлуката за распределба на средствата во „Службен Гласник на Општина Карпош“.

**Доставување извештај**

Здружението за заштита на животни на кое ќе бидат доделени средства во согласност со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2026 година, по завршувањето на своите предвидени активности ќе достави детален Извештај со сите потребни документи за извршен третман на мачки и мачори на територија на Општина Карпош. Извештајот ќе биде доставен до Секторот за екологија и енергетска ефикасност на Општина Карпош.

Изработил: Марина Филипоска
Проверил: Петар Теов

ОПШТИНА КАРПОШ
Комисија за реализирање на јавен повик за
ангажирање на здружение за заштита на животни
за стерилизација и кастрација на мачки и мачори